УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА

# АНЕКС

# НА

# Б И Л Т Е Н

# Бр. 425

ГОДИНА XXXVII, Битола, 15.03.2017 година

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник — М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор

Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник — Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А


**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**

Рецензија на ракописот со наслов: „Евроатланските интеграции безбедносен клуч – Економскиот развој и меѓународната безбедност од авторите проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски ..........................................................................................1

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ-КИЧЕВО**

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областа Судски систем ..........................................................................................9

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ**
**„ЕВРОАТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ БЕЗБЕДНОСЕН КЛУЧ-ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ“**
**од авторите проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски**

Деканатската управа на Факултетот за безбедност-Скопје при Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола, на својата седница одржана на 28.02.2017 година, со Одлука бр. 02-2/29, ме определи за рецензент на ракописот **„Евроатланските интеграции безбедносен клуч - Економскиот развој и меѓународната безбедност“ од проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски**. Заблагодарувајќи се на оваа одлука, откако внимателно го прочитав ракописот, со особено задоволство го поднесувам следниот

И З В Е Ш Т А Ј

## I. Обем, содржина и структура на ракописот

Трудот „Евроатланските интеграции безбедносен клуч - Економскиот развој и меѓународната безбедност“ од авторите проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски претставува ракопис со обем од 177 страници основен текст. Проблематиката е опфатена во дванаесет глави, кои се поделени според логична структура на 79 наслови и поднаслови. Користена е обемна литература од странски и домашни автори. По основниот текст се поместени два прилози и користена литература, со 156 библиографски единици. Содржински текстот е поделен во дванаесет делови, со вовед и заклучок, систематизирани во наслови и поднаслови што ја чинат обработената материја прегледна:

1. Општо за безбедноста во услови на интеграција и глобализација,
2. Фактори за развој на безбедноста,
3. Економска безбедност,
4. Економски закани по безбедноста,
5. Ризици на државата,
6. Карактеристики на поврзаноста помеѓу безбедноста и стопанската заедница,
7. Влијанието на меѓународните организации врз економскиот развој и безбедноста,
8. Модели за рано предупредување, превенција на конфликти и механизми за зачувување на безбедноста и мирот,
9. Северноатланската алијанса и економијата,
10. Економски ефекти во новите членки на НАТО,
11. Колку чини членството на Македонија во НАТО?,
12. Македонскиот бизнис и членството во НАТО.

Проф. д-р Трајан Гоцевски ги напиша следните делови: вовед (заеднички); првиот дел; вториот дел; седмиот дел; осмиот дел; заклучокот (заеднички). Доц. д-р Марјан Ѓуровски ги напиша преостанатите делови: вовед (заеднички); третиот дел; четвртиот дел; петтиот дел; шестиот дел; деветтиот дел; десеттиот дел; единаесеттиот дел; дванаесеттиот дел и заклучокот (заеднички).

Една од клучните дебати која ја окупира научната, стручната, но и политичката јавност денес е како да се одржи посакуваната динамика на развој на економиите кои ќе овозможат поголема благосостојба на граѓаните и со тоа да обезбедат услови за елиминирање на изворите на загрозување на мирот и безбедноста, кои најчесто се од материјална-економска природа. Индикаторите на глобален план неспорно потврдуваат дека нарушувањето на безбедноста денеска е поврзано со регионите и државите кои имаат најниско ниво на економска развиеност, како и во регионите кои остваруваат ниски стапки на својот економски развој.

Авторите истакнуваат дека трудот е резултат на повеќегодишни истражувања на полето на безбедноста и економијата и нејзиното значење за безбедноста и одбраната на државата, но не помалку значајна и за регионалниот мир и безбедност, со особен фокус на влијанието на евроатланските интеграции кои се безбедносен клуч за секоја земја.

Авторите истакнуваат дека целта на оваа монографија е да се разгледаат не само техничките и финансиските прашања, туку и организационите, правните, технолошките и едукативните аспекти на приклучувањето на Република Македонија кон НАТО. Организационо – правната димензија ја определуваат како клучна, бидејќи може да даде транспарентност која, ако биде информационо и технолошки обезбедена и се оствари од образовани и мотивирани луѓе, би можела да даде добри резултати.

Многу од користената литература произлегува од самата Северноатланска Алијанса. Од авторите се употребени детали за развојните насоки на Алијансата, но исто така користени се и важни примарни извори, како заклучоци од конференции и договори кои ја третираат безбедносната и економската соработка. Многу од изворите се фокусираат на органите и телата на НАТО и различните улоги кои тие ги играат во доменот на воено-политичките односи и улогата која ја има во поттикнување на економската соработка меѓу земјите членки.

Во монографијата се аргументира дека една група автори, кои се против развојот на воена способност и економска соработка, истакнуваат дека силата на НАТО лежи исклучиво во неговата "воена моќ". Од друга страна се авторите кои промовираат целосен развој на безбедносната-одбранбена и економска димензија на НАТО. Оваа група на автори, во која спаѓаат авторите на книгата, истакнуваат дека развојот е од круцијално значење за НАТО, за оваа организација да продолжи да биде меѓународен актер. Тие укажуваат дека оваа позиција не значи и прекинување на врската која ја има Алијансата со САД.

Како извор за анализа на текстови авторите користат: правни документи (Устав на Република Македонија, Закон за одбрана, Закон за служба во АРМ, Буџет на РМ, Стратегиски одбранбен преглед и др.), избрани научни трудови (објавени книги и текстови од домашни и од странски автори, во најголем дел наведени во библиографијата), написи од научно-стручни списанија и весници (Одбрана, Армиски збор, Современа македонска одбрана, Форум аналитика, Годишни зборници) и интернет. Во монографијата се опишуваат определени состојби и тенденции за местото, улогата и значењето на НАТО низ призмата на поттикнување на економски развој и перспективите на земјите членки.

Во согласност со поставените цели, од методолошка гледна точка, монографијата ги има следните карактеристики:

- експликативен карактер - теориско истражување кое се однесува на причинско-функционалните детерминанти на НАТО во рамките на конкретната надворешно-политичка и безбедносна состојба во меѓународните и економските односи;

- дескриптивен карактер - се дава поширок опис и разработка на обемот на појавата на политичката и економската компонента на НАТО;

- експлоративен карактер во користење на истражувачките резултати.

Во монографијата се користени секундарни извори на податоци: нормативни и правни акти (посебно на меѓународни документи), политички документи, пактови, договори, заклучоци итн.

За изведување на овој метод, беше изработен посебен протокол за анализа кој освен правната вклучува и споредбена анализа на статистичките податоци.

Во фазата на прибирање податоци за теориска анализа, авторите користеле и историографски метод, односно историографските пишувани податоци, со цел да се осознаат и искористат искуствата од минатото за периодот за кој постои научно-верификувана документација.

Методот на анализа на содржина авторите го користат во анализата на историографските податоци и теориските сознанија кои се компарираат со фреквентната и семантичката компонента од методот на анализа на содржината, а воедно имаат примена во претходно селектираните податоци од мас-медиумите.

Селектирањето на квалитативните (секундарни) податоци и нивното оценување од страна на авторите имаат за цел: утврдување дали податоците содржински се однесуваат на предметот на истражување и дали правилно ја изразуваат насоката и својствата на проблемот.

Користејќи го компаративниот метод авторите извршија делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци. Врз основа на добиениот теориски материјал, тие го утврдија степенот на варијабилноста помеѓу причините и состојбите што се истражуваат, како и нивната детерминираност.

Со истражувањето чии резултати се презентирани во монографијата се опишуваат определени состојби и тенденции за местото, улогата и значењето на НАТО низ призмата на поттикнување на економски развој и перспективите на земјите членки.

Врз основа на поставените цели на монографијата, авторите ја потврдуваат **генералната хипотеза** дека:

Евроатланските интеграции освен врз зајакнување на стабилноста на државата, заштита на територијалниот интегритет и суверенитет и зачувување на границите, придонесуваат за намалување на ризиците од надворешни загрозувања или внатрешни конфликти и пред сѐ влијаат на создавање услови за мир и развој на земјата, преку подобрување на економската состојба.

Република Македонија во рамките на концептот на колективна безбедност и како членка на НАТО ќе биде посигурен и побезбеден пазар за странските и домашните инвестиции, имајќи го предвид фактот дека членството во Алијансата носи имиџ на стабилна и перспективна земја во која не постои ризик за инвестирање.

Авторите успешно ги елаборираат и **посебните хипотези**:

- преку спроведувањето на реформите и стандардите на НАТО, во македонскиот безбедносен сектор и другите општествени сегменти, Република Македонија е пред полноправно членство во НАТО;

- придобивките од евроатланските интеграции на Република Македонија се многу поголеми од финансиските средства кои ги бараат реформите и самото членство во НАТО;

- кога се во прашање трошоците за постигнување за потребно ниво на безбедност, за Република Македонија е финансиски попогодно да биде примена во НАТО, наместо да остане надвор од него, како неутрална држава;

- инвеститорите не ги вложуваат своите средства во нестабилна држава, ако таа е изолирана, без добар правен систем или со административни бариери во земјата;

- од зачленувањето во НАТО произлегуваат директни и индиректни економски бенефити за земјата;

- значително е зголемен растот на бруто домашниот производ, како и приливот на директни странски инвестиции, кај новопримените членки на НАТО во првите три години и потоа се следи тој развоен тренд;

- врз основа на можностите за контакти кои ќе се отворат преку влијанието на евроатланските интеграции, секторот на приватна безбедност, наменската индустрија, невладините организации, странските инвеститори, како и бизнис заедницата можат да воспостават меѓусекторско партнерство во областа на безбедноста и економијата во Република Македонија.

Со цел да се развие академска предметна програма, која ќе ги истражува причинско последичните врски, помеѓу нивото и динамиката на економскиот раст и развој на земјите, со посакуваното ниво на безбедност и зачувувањето и одржувањето на безбедноста како една од најпосакуваните состојби за народите и државите, во студиските програми на Факултетот за безбедност-Скопје, воведен е предметот „Дипломатија и меѓународна безбедност" а воедно евроатланските интеграции се застапени како содржина во повеќе предметни програми. Наведената монографија покрива значителни делови од тие програми.

## II. Мислење и предлог

Трудот е напишан на јасен и разбирлив начин, што го прави достапен до студентите, оние кои работат на проблематиката на евроатланските интеграции, како и на широк круг читатели. Текстот и излагањето на содржините се јасни, терминолошки и концепциски. Во презентирањето на материјата се користи широка литература, во која се застапени најпознатите светски автори од областа, поради што трудот заслужува мошне висока научна и стручна оценка и претставува вистински и оригинален придонес во својата област.

Монографијата треба да послужи на студентите од Факултетот за безбедност-Скопје и другите високо образовни институции во земјава, но и на пошироката јавност, која работи на полето на безбедносните и економските истражувања.

Според согледаните научни, методолошки, апликативни и педагошки вредности на монографијата од проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски, во својство на рецензент, со особена чест и задоволство предлагам да се одобри печатењето на оваа монографија со наслов **„Евроатланските интеграции безбедносен клуч - Економскиот развој и меѓународната безбедност" од авторите проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски** која може да се користи за потребите на студентите запишани на додипломски и последипломски студии на Факултетот за безбедност – Скопје и на другите факултети во Република Македонија кои со своите наставни програми ја покриваат наведената проблематика.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Редовен проф. д-р Владимир Ортаковски, с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ**
**„ЕВРОАТЛАНСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ БЕЗБЕДНОСЕН КЛУЧ-ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ„**
**од авторите проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски**

На предлог на Деканатската управа на Факултетот за безбедност-Скопје при Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола, на својата седница одржана на 28.02.2017 година, со Одлука бр.02-2/29 ме определи за рецензент на ракописот „Евроатланските интеграции безбедносен клуч-Економскиот развој и меѓународната безбедност“ од проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски. Изразувајќи благодарност за укажаната доверба, откако внимателно го прочитав ракописот, со особено задоволство го поднесувам следниот

И З В Е Ш Т А Ј

**Структурна композиција на ракописот**

Ракописот „Евроатланските интеграции безбедносен клуч-Економскиот развој и меѓународната безбедност“ е претставен на вкупно 194 страници компјутерски обликуван текст од кои 3 страници се предговор и 14 страници вовед и 164 страници на основен текст, заклучок и прилози. Проблематиката што е предмет на обработка во овој труд, содржински и функционално е поделена на 12 (дванаесет) последователни и меѓусебно поврзани целини (делови), а секоја целина има повеќе поднаслови кои се поделени според логична структура.

*1.Општо за безбедноста во услови на интеграција и глобализација*
*2.Фактори за развој на безбедноста*
*3.Економска безбедност*
*4.Економските закани по безбедноста*
*5.Ризици на државата*
*6.Карактеристики на поврзаноста помеѓу безбедноста и стопанската заедница*
*7.Влијанието на меѓународните организации врз економскиот развој и безбедноста*
*8.Модели за рано предупредување, превенција на конфликти и механизми за зачувување на безбедноста и мирот*
*9.Северноатланската алијанса и економијата*
*10.Економските ефекти во новите членки на НАТО*
*11.Колку чини членството на Македонија во НАТО*
*12.Македонскиот бизнис и членството во НАТО*
*Заклучок*
*Прилози*

Сроченот текст на ваков начин дава една конструктивна целина со логичен содржински ред на изложување на темата што се предмет на обработка во овој труд. Текстот е илустриран со слики, табели и графикони. Користената литература е наведена на крајот на трудот и се состои од 193 библиографски единици, од кои 156 книги, 11 списанија и публикации, 10 нормативни акти и документи и 15 интернет страници. На тој начин авторите обезбедиле лесен пристап на читателот кон материјата што непосредно го интересира.

**Општ дел**

Монографијата „Евроатланските интеграции безбедносен клуч-Економскиот развој и меѓународната безбедност“ преставува прв конкретен приказ на научно истражувањето во Република Македонија каде главна цел има да се истражи влијанието на евроатланските интеграции врз економијата на Република Македонија. Досега оваа тема, скоро како и да не е третирана во научно-стручната заедница во земјата.

Кога се говори за односот и интегрирањето на Република Македонија во НАТО примат имаат прашањата околу политичките и безбедносните импликации на идното членство, додека изостанува сериозна дебата и анализа за економските димензии и влијание на овие односи. За тоа меѓудругото, причината се наоѓа во недостатокот на истражување и цврсти докази за економските трошоци и добивки од вклучувањето на Република Македонија во НАТО. Особено е забележително отсуството на бизнис заедницата од оваа дебата. Ова е особено значајно затоа што поставувањето на приоритетите во надворешната и безбедносна политика, не би требало веќе да биде ексклузивно право само на Министерствата за одбрана, за надворешни работи, за внатрешни работи, туку побарува и учество и на останатите општествени актери, вклучувајќи ја академската заедница, невладините организации, економските и финансиски ресори и бизнис заедницата.

Во Република Македонија постои доста голем фонд на стручна литература која го проучува НАТО, но сепак, во РМ не постојат доволно научни истражувања кои поблиску го обработуваат влијанието на евроатлантската интеграција врз економијата на Република Македонија. Оваа монографија е насочен кон добивање нови сознанија за придвижувањето на Република Македонија кон НАТО. Со тоа се дава придонес за зголемување на истражувањата за оваа мошне чувствителна проблематика. Едновремено се анализираат и активностите на државните органи во Република Македонија и како тие ги координираат активностите на национално ниво за приклучување во евроатлантските структури, процес за кој постои општ консензус во Република Македонија и кој треба позитивно да влијае врз безбедноста и стабилноста на земјата на долг рок. Поради сите овие елементи, како и фактот што проблематиката е актуелна и е во корелација со актуелни настани, нејзината динамика секако дека заслужува такво внимание.

**Посебен дел**

Посебниот предмет на анализа во ова ракопис на авторите проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски е влијанието на евроатланските интеграции врз економијата на Република Македонија, вкупните трошоци на земјата, финансиските средства кои треба да ги издвојува Република Македонија за потребите за членството. Тука е направена и анализа на истражувањата кои се спроведени за средствата кои се издвојуваат за НАТО-буџетите, како и анализа на структурата на Буџетот на Република Македонија, трошоците за потребите за реформите за членство во Алијансата и преку анализа на економската состојба на неколку држави пред и по нивното членство во НАТО, се дефинираат директните причини за зголемениот прилив на странски инвестици во земјите членки на НАТО.

Покрај тоа, фокусот е ставен и на фондовите на НАТО наменети за трошоците кои ги рефлектираат интересите на сите земји членки. Како предмет на истражување се и структурата на заедничкото финансирање кое е различно и децентрализирано.

Преку оваа монографија се предочува високиот степен на ситуациона, но и темелна меѓузависност помеѓу реформите на економијата, политичката стабилност и

безбедноста. Потоа се воспоставува постапка и инструменти за пресметување на економските трошоци и добивки во оддржувањето на националната безбедност и нејзината политика. Во тие рамки е анализата за идната безбедносна позиција на Република Македонија во евроатланскиот регион, сместена во развоен економски и социјален контекст.

Треба добро да се разбере, дека инвестициите во безбедноста не останувaат само во воената сфера: тие воопшто ја гарантираат сигурноста на инвестициите и слободата на трговијата, што од друга страна е услов за економски раст и благосостојба.

Големината на средствата кои треба да се потрошат за влез на Република Македонија во НАТО можат барем и само во рамка да се проценат врз основа на сеопфатната поделба која во оваа монографија се земат предвид преку низата параметри, како што се проекција на растот на БДП, националниот придонес во НАТО буџетите, предвидени трошоци за прилагодување на вооружените сили, трошоците кои се предвидени за реформите, структурата на државниот и буџетот за одбрана итн.

Значи, оваа монографија ги разгледува економските димензии на идното членство на Република Македонија и други земји од Југоисточна Европа во НАТО. Воедно дава предлози кои би претставувале насоки на еден иден план за делување во врска со проширувањето на НАТО: како тоа да биде поткрепено од бизнис-заедницата и како да биде искористено за општа полза на општеството како целина.

Во книгата се зацртани три основни аспекти на економската димензија на проширувањето на НАТО во Југоисточна Европа: Врската помеѓу безбедноста и сигурноста и стопанската заедница; Економската улога на модернизацијата на воено – одбранбениот сектор; Одразот врз воената индустрија и врз секторите на цивилната индустрија.

Особено внимание е посветено на безбедносната перцепција и преференции на бизнис заедницата во Република Македонија, на тешкотиите при пресметката, анализата и предвидувањата за трошоците и придобивките од зачленувањето во НАТО.

Овој ракопис има за цел да ги собере и прикаже клучните аргументи и податоци кои ќе придонесат кон изградба на одговорот на прашањето за цената на чинење на безбедносните интеграции на Република Македонија.

Истражувањето прикажано во книгата содржи меѓу другото и компаративна анализа на научените лекции на Република Македонија и резултатите на Проектот на Центарот за либерални стратегии и од Проектот на Коалицијата за реформи во секторот за безбедност каде членува здружението „Џорџ Маршал„ од Република Бугарија, како и Евроатланскиот клуб.

Предвидувањата дека влезот во НАТО, а подоцна и во Европската Унија ќе донесе позитивни резултати не само на безбедносен план, туку и врз стопанството, се презентирани преку конкретни прецизни истражувачки резултати и преглед на развојот на стопанството во земји членки на НАТО, кои беа во слична состојба како Република Македонија. Се работи за Унгарија, Словачка, Бугарија, Романија и други држави од Средна и Источна Европа кои ги поминале или ги поминуваат транзициските состојби и чија економска состојба најблаго речено се промени по евроатланските интеграции. Значи, направена е споредбена искуствена анализа од земјите кои се веќе членки на Алијансата.

Во основа, најголем дел од литературата за безбедносната и економската политика на НАТО е дескриптивна и нормативна. При обработката на трудот во голема мера е употребена литература која ги опишува развојните настани на НАТО, а во

нејзини рамки и економската соработка. Во разработка на материјата авторите користат мошне обемна и релевантна домашна и странска литература.

Многу од нормативната литература ја опишува постојната безбедносна и одбранбена димензија, како и економската соработка на НАТО  и придонесува за дебатата дали НАТО треба да продолжи со развивање на оваа економска димензија.

Во ова книга се разработени разработени следниве истражувачки прашања: Дали постои поврзаност меѓу економскиот развој и безбедноста во Република Македонија? Дали во иднина Република Македонија како членка ќе има финансиска обврска кон НАТО и колку тоа би го чинело буџетот на Република Македонија? Дали покрај обврските за учество во буџетите на НАТО, со нашето зачленување, Република Македонија, како и сите останати членки, има обврска да  финансираат и други програми? Дали досега зачленувањето во НАТО позитивно влијаело врз економијата на државите членки? Дали денес подготовката на бизнисот за идното членство на земјата во НАТО е организирана и координирана на национално ниво? Дали може да се вклучат претставници на локалната бизнис заедница во јавна дебата за приоритетите во надворешната и безбедносна политика? Дали може да се предочи и провери цената на чинење на  алтернативна стратегија на Република Македонија од воена неутралност до полноправно членство во НАТО?

Научното значење на оваа монографија оди во две насоки. Како прво, се откриваат клучните детерминанти и взаемни влијанија кои и тежат на оваа институција (и тоа во рамките на видоизменета улога во екомомската состојба, изворите на загрозување и новите предизвици со кои треба да се справат државите во светот итн.) Второ, резултатите добиени од истражувањето имаат голема научна вредност, и се вклопуваат во научните сознанија на науките што се занимаваат со оваа проблематика и ќе бидат од особена полза на бизнис заедницата.

Конкретно, научниот придонес на оваа монографија се гледа преку расветлување на улогата на НАТО во поттикнувањето на економската соработка меѓу земјите членки. Со тоа се создаваат сите предуслови за целосно разбирање на улогата на безбедносната, политичката и економската улога на НАТО и секако нејзината позиција кон Република Македонија.

**Заклучок**

Книгата треба да послужи на студентите на Факултетот за безбедност-Скопје и другите високо образовни институции, како и на пошироката научна и стручна јавност која работи на полето на економските и безбедносните научни истражувања.

Врз основа на читање и анализа на понудениот текст и она како оценка што го истакнав во оваа рецензија, имам посебно задоволство да препорачам на Деканатската управа на Факултетот за безбедност-Скопје, за ракописот „Евроатланските интеграции безбедносен клуч-Економскиот развој и меѓународната безбедност“  од авторите проф. д-р Трајан Гоцевски и доц. д-р Марјан Ѓуровски да го прифати рецензентскиот Извештај со позитивната оценка.

Воедно верувам дека оваа книга ќе им послужи не само на претставниците на академската заедница како ориентација за идни продлабочени истражувања, туку може да биде корисно четиво за едукација и на сите оние кои  во професионалната работа се среќаваат со оваа тематика.

Врз основа на изнесеното, чест ми е овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како Монографија.

**Проф. д-р Биљана Ангелова с.р.**

## РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА СУДСКИ СИСТЕМ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО КИЧЕВО

Наставно-научниот совет на Правниот факултет Кичево, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на својата седница одржана на ден 27.02.2017 год. со Одлука бр.02-119/3 од 27.02.2017 а во врска со распишаниот конкурс од страна на Правниот факултет – Кичево за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа Судски систем (50835), формира рецензентска комисија во состав:

1. Д-р Владимир Ортаковски, редовен професор на Факултетот за Безбедност Скопје при УКЛО Битола, претседател,
2. Д-р Ристо Речкоски, редовен професор на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид при УКЛО Битола, член и
3. Д-р Саша Дукоски, вонреден професор на Правниот факултет- Кичево при УКЛО Битола, член.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија има чест да го поднесе следниот

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа Судски систем, објавен на 10.01.2017 год. во дневните весници „Нова Македонија “ и „Лајм“ се пријави кандидатката:

1. Д-р Светлана Вељановска, доцент на Правниот факултет Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

## РАБОТНА БИОГРАФИЈА

Име и презиме: **Светлана Вељановска**

Дата и место на раѓање: **20.06.1968 Кичево**

Образование:

| Институција | Стекната диплома |
|---|---|
| Докторски студии ,,Правен факултет,, Скопје 2012 | Доктор на правни науки |
| Магистерски студии ,,Филозофски факултет,, Скопје 2009 | Магистер по евроинтеграции и комуникации |
| Високо образование ,,Правен факултет,, Скопје 1990 | Правни студии - отсек новинарство |
| Средно образование Гимназија ,, Мирко Милески,, Кичево | Гимназиско образование |
| Основно образование ОУ ,,Кузман Јосифоски –Питу,, Кичево | Основно образование |

Познавање на јазик, од 1 до 5 (5 – одлично, 1 – основно)

| **Јазик** | **Читање** | **Зборување** | **Пишување** |
|---|---|---|---|
| француски | 5 | 5 | 5 |
| англиски | 5 | 5 | 5 |
| српски | 5 | 5 | 5 |
| бугарски | 5 | 4 | 4 |

Моментална работна позиција

**Доцент на Правен факултет Кичево, УКЛО Битола**

Професионално искуство

| **Институција** | **Години** | **Наставно/соработничко звање** |
|---|---|---|
| **Правен факултет** | **2012-** | **наставник - доцент** |
| **Правен факултет** | **2009-2012** | **Соработник - асистент** |
| **НДИ - Скопје** | **2006-2009** | **Асистент** |
| **Радио Кичево** | **1995-2006** | **Новинар, уредник, главен и одговорен уредник, ВД- директор** |

## Останати релевантни информации

### Наставно-образовна дејност

Д-р Светлана Вељановска својата професионална кариера ја започна на Правен факултет Кичево во учебната 2009/2010 година како асистент за реализација на часовите за вежби по предметите: Право на Евопска унија, Историја на право, Еколошко право, Судски систем и Авторско право и право на интелектуална сопственост .

Како Доцент во наставата од прв циклус е вклучена од учебната 2012/2013 година. Со успех ја реализира наставата по предметите Судски систем, Право на интелектуална сопственост, Човекови права, Еколошко право, Наследно право и Филозофија на право за студентите во Кичево и на дисперзираните студии во Битола и Струга.

На Втор циклус е вклучена во наставата по предметот Комуникологија во насоките на Граѓанско право и Казнено право на студиите во Кичево и дисперзираните студии во Битола.

За потребите на наставата Д-р Светлана Вељановска има објавено учебник по предметите Судски систем (2014 ) и Право на интелектуална сопственост (2014) како и практикум по предметот Судски систем –Закони за судски систем (2014).

Д-р Светлана Вељановска била ментор на триесетина дипломски работи, член на поголем број комисии за одбрана на дипломски работи, ментор на пет магистерски трудови и член на комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови на вториот циклус студии во насоките граѓанско, казнено и меѓународно право.
Исто така поканета е за рецензент на научни трудови во меѓународни списанија и на меѓународни научни конференции.( ***IJASOS- International E-Journal of Advances in Social Sciences***, **Journal of Contemporary Economic and Business Issues )**

Според резултатите од студентската анкета за квалитетот на наставата на Правниот факултет Кичево ( со дисперзирани студии во Битола и Струга) д-р Светлана Вељановска има позитивна оцена од анкетата спроведена за академската 2015/16 год. и тоа средна оцена 4,91 (од максимум 5)

И според резултатите од студентската анкета за оценување на наставно-образовната дејност на академскиот кадар, во однос на квалитетот на наставата, односот кон студентите и оценувањето на студентите, спроведена од Комисијата за самоевалуација на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во ноември 2015 год, е оценета со позитивна средна оцена 4,81 (од максимум 5).
Резултатите од двете анкети се дадени во табелите подолу.

**Научни трудови (селектирани)**

Svetlana Veljanovska., The Right to Freedom of Expression Vis a Vis Public Interest, JPMNT –New Technologies International, ISSN 2334-7449,Vranje, 2016

S.Dukoski., S.Veljanovska., Pazarot I konkurencijata vo uslovi na dominacija na monopolite, UKD:658.114.6:340.13 Bitola 2015

S.Dukoski., S.Veljanovska., Way Bills- Commodity Securities in Commercial Law, Horizons International Scientific Journal, September 2015 Bitola.

S.Veljanovdka., S.Dukoski., The Role of the Notary Services in the Executive Procedure in the Republic of the Macedonia, Horizons International Scientific Journal, September 2015 Bitola.

A.Petreski,S.Veljanovska., Global Internet and Intellectual Property Rights, UDK: 344.78:004.738.5 Stip

S.Veljanovska.,A.Petreski., Postapki pred Evropskiot sud za covekovi prava koi se odnesuvaat na Republika Makedonija, Stip 2014

*Вељановска,Светлана., Правно-политичката безбедносна политика на ЕУ, Русија и НАТО во глобалното безбедносно опкружување,* Хоризонти, година IX, мај 2013, Битола.

*Д.Саша., В.Светлана ., Правни аспекти на меѓународниот тероризам,* Хоризонти, година IX, мај 2013, Битола

Svetlana M. Veljanovska., Zakonski okvir medijacije u Republici Makedoniji . LAW and POLITICS Novi Sad 2012 br 2

Вељановска,Светлана., Влијанието на мисијата на УНПРЕДЕП во стабилизација на Балканот, докторски труд, одбранет на Правен факултет Јустинијан први, Скопје , мај 2012

Svetlana Veljanovska., DANISH "NO" FOR SCHENGEN AGREEMENT- BEGINNING OF THE DESINTEGRATION OF THE EUROPEAN UNION?, 9 (1): 88-94 ISSN 2217-8090 UDK 342.721(4-672EU) review paper/Pregledni naučni rad, Singidunum journal , 2012

Вељановска, Светлана .,Европската унија – предизвик за земјите од Западен Балкан,Годишник на Правен факултет Кичево, декември 2011

Veljanovska, Svetlana., Mesto i uloga međunarodnog ekološkog prava kao posebna razvojna oblast građanskog društva – sa posebnim osvrtom odgovornosti od nastale ekološke štete,Pravo i politika, br 2011/2,Fakultet za Evropske pravno –politicke studije, Novi Sad,2011 god UDK 34 (32) ISSN 1820-7529

Veljanovska, Svetlana., To what extent the young Macedonian democracy is ready for open candidate lists and their effect on the gender and minority representation in the assembly and local councils? Revija 2011, Vol 8/No.1 Beograd, mart 2011.UDK 321.7(497.7); 342.5(497.7)

Dukoski.S, Veljanovska S.,Legal framework of freedom of religion in the Republic of Macedonia, Journal of applied sciences, Beograd, 2012

V.Svetlana., Razvojot na kulturniot turizam kako del od opštestvenata kohezija na Republika Makedonija vo ramkite na evropska kulturna politika . Објавено од Универзитет Сингидунум на 29.07.2010 -електронско научно списание ISBN: 978-9989-179-74-7

Вељановска, Светлана., Културната политика на Република Македонија во рамките на процесот на евроинтеграција ,Кичево, Турни, 2009. ISBN 978-9989-2664-2-3, COBISS. MK –ID 76838666

Вељановска, Светлана., Развојот на медиумите во Европа како фактор на општествената свест (примерот на Германија, Велика Британија и Франција,) Зборник на научни трудови, Македонско друштво за наука, бр 10-Битола, 2009

Вељановска Светлана.,Правното регулирање на системот на колективна безбедност во рамките на ООН, Евро дијалог бр 12 ,Студентски збор, Скопје, 2002

Вељановска Светлана.,Колективната безбедност и местото на Република Македонија во неа, Евро дијалог бр 12, Студентски збор, Скопје, 2002

Вељановска Светлана.,Заедничка развојна политика на земјите од Европската Унија, Евро дијалог бр 11, Студентски збор, Скопје, 2002

Вељановска Светлана.,Лигата на народите и примената на колективната безбедност за чување и одржување на евопскиот мир и безбедност, Евро дијалог бр 11, Студентски збор, Скопје 2002

Вељановска Светлана., Невладините организации во рамките на мировните операции, Евро Дијалог бр 9, Студентски збор, Скопје, 2002

Вељановска Светлана.,ООН-Систем на колективна безбедност, Евро дијалог бр 9, Студентски збор, Скопје, 2002

Вељановска Светлана, Црквите и Манастирите во Кичево и Кичевско, Монографија, Графомак, Кичево , 2002

## Научни конференции

Veljanovska, Svetlana., The preventive action UNPREDEP mission in Macedonia**,** International Scientific Conference: The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro Atlantic Integration,5-8 June 2013,Ohrid, Republic of Macedonia, Faculty of Security – Skopje

В.Светлана., Јакнење на капацитетите на жените лидерки во локалната политика" како дел од проектот "Ние сме идни лидери и застапувачи на промени во нашите заедници" UN Women, Кичево 2013

Вељановска Светлана., Глобализацијa, либерална демократија, новите политички цели, Меѓународна научна конференција „Лицата на кризата,, Европски универзитет, Скопје, март 2012

Вељановска, Светлана., Аспирациите за ЕУ - Проширување или исчезнување на националниот идентитет на Република Македонија, Меѓународна научна конференција,,Македонија низ вековите,,Филозофски факултет Скопје, 2011 год.

Вељановска, Светлана., Колку младата македонска демократија е подготвена за отворени кандидатски листи и како тоа може да се одрази на родовата и малцинската застапеност во Собранието на РМ и во општинските совети-труд презентиран на Конференцијата „Отворени или затворени пратенички листи,, Скопје, 2010 год

Veljanovska, Svetlana., Development of the cultural tourism as part of the sociable cohesion of Republic of Macedonia in the frameworks in the European Cultural politics, труд презентиран на X Меѓународна конференција „Туризмот во услови на глобална економска рецесија,,- 4-5 јуни 2009 г, Охрид.

## Научно-истражувачки проекти

1.The World Justice Project:The Rule of Law Around the World -2011-2012

2.The World Justice Project:The Rule of Law Around the World -2012-2013

3.The World Justice Project:The Rule of Law Around the World -2013/14.

4 .Проект за поддршка за воспоставување на пробацијата во казнено-правниот систем на РМ - носител Центар за човекови права и разрешување на конфликти-Скопје 2012

## Учебници

Судски систем – учебник, Графомак, Кичево 2014

Право на интелектуална сопственост ,Графомак, Кичево 2014

Закони за судски систем – учебно помагало, Графомак, Кичево 2014

**Ангажман на Правен Факултет Кичево**

Покрај наставниот ангажман како асиситент и наставник по предметите кои погоре ги посочивме д-р Светлана Вељановска во учебната 2012/2013 година е избрана во еден мандат за Претседател на комисија за запишување на студенти на прв циклус каде продолжува со своите активности како член од учебната 2014/2015.

Во учебната 2015/16 е избрана за претседател на комисијата за запишување на студенти на втор циклус во студиските програми за Граѓанско право, Казнено право и Меѓународно право на Дисперзираните студии во Битола.

Во март 2014 е избрана за Претседател на комисија за Самоевалуација на Правен Факултет Кичево. Во 2016 година од страна на Наставно –научниот совет на Правен факултет е избрана за член на Сенатот на УКЛО

Со одлука на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во октомври 2016 година доби решение за акредитација на ментор на студенти на втор циклус студии.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По деталниот преглед на конкурсната документација на кандидатката Д-р Светлана Вељановска, по исцрпната проверка на фактите и анализирање на деталите за нејзината наставна, научна, но и општествена дејност што ја реализирала во периодот по нејзиниот последен избор, ние, долупотпишаните членови на рецензенската комисија, со задоволство му предлагаме на Наставно –научниот совет на Правен Факултет Кичево при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ –Битола, да ја избере Д-р Светлана Вељановска во звањето вонреден професор во научната област Судски систем.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Владимир Ортаковски, претседател, с.р.

   ___________________________

2. Проф. д-р Ристо Речкоски, член, с.р.

   ___________________________

3. Вон. Проф. д-р Саша Дукоски, член, с.р.

   ___________________________